Број 5 ГодинаXII

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА
ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ,мај 2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**заобјавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата заактивноститенаОпштинаКарпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година**

1. Се објавуваПрограмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година,донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/1**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22.5.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програма за изменување и дополнување на Програмата заактивноститенаОпштинаКарпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), во точка II.Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- во точка 1.6. Субвенционирање на купување велосипед
- во делот вкупна предвидена финансиска рамка

II. Во точка 1.6. Субвенционирање на купување велосипед, во делот „Опис на активности“ на крајот се додава следниот текст:

“Акцијата на субвенционирање велосипеди ќе се изведе во две фази, при што се предвидени вкупно финансиски средства во висина од 660.000 денари (300.000 + 360.000 денари), а истата ќе биде важечка до исцрпување на средствата.”

Во истата точка (1.6. Субвенционирање на купување велосипед) во делот “Предвидена финансиска рамка” се брише износот од “300.000 денари”, а наместо тоа се додава износот од “660.000 денари”.

По изменувањето и дополнувањето точката 1.6. гласи:

| 1.6. | Субвенционирање на купување велосипед |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината Карпош планира во текот на 2018 година да реализира проектна активност со наслов ”Цел Карпош на точак” со цел да го промовира користењето на велосипед како превозно средство и како средство за рекреација.<br><br>Планирано е купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош да биде субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 3.000 денари. Со тоа, граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, ќе добијат уште еден стимул за користење на велосипеди.<br><br>Акцијата на субвенционирање велосипеди ќе се изведе во две фази, при што се предвидени вкупно финансиски средства во висина од 660.000 денари (300.000 + 360.000 денари), а истата ќе биде важечка до исцрпување на средствата. |
| Стратешки насоки и цели: | Почиста животна средина во општината;<br><br>Намалување на сообраќајот;<br><br>Подобрување на здравјето на граѓаните – корисници на велосипеди. |
| Очекувани резултати: | Почиста општина, поздрави граѓани |

| | |
|---|---|
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 660.000 денари |

III. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање“ износот од „241.050.000 денари“ се брише и на негово место се запишува износот „241.410.000 денари“.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-4263/3
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на одлуката за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-4513/2<br>
Датум: 23.5.2018 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>
Стефан Богоев,с.р.

Врз основа на член 15, став 1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 21, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), дел II. Проектни активности, точка 1. Одделение за екологија, потточка 1.6. Субвенционирање на купување велосипед, Советот на Општина Карпош, на десеттата седница, одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди

### Член 1
Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, дава согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за субвенционирање на купување нови велосипеди на жителите на Општина Карпош, во износ од 30% од сумата за платен велосипед, но најмногу до 3.000,00 денари.
Субвенциите ќе се доделуваат по принципот прв дојден прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, Програма Р10 заштита на животна средина и природа, ставка 464 разни трансфери, потставка 464 990 други трансфери.

### Член 2
За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, во висина од 360.000,00 (триста и шеесет илјади) денари.

### Член 3
Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, објавен во два дневни весници, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и

во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

По исцрпување на финансиските средства предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, за исплата на субвенции, Општината ќе објави јавно соопштение дека субвенционирањето за тековната 2018 година е завршено.

**Член 4**

Постапката за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди ќе ја спроведе Комисија во состав: Петар Теов - Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Марко Петрушевски - Сектор за развој, Александра Спасовска - Сектор за финансиски прашања

**Член 5**

Заинтересираните физички лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Лична карта во фотокопија,
- Трансакциска сметка, во фотокопија,
- Фискална сметка со сметкопотврда или фактура за купен велосипед во оригинал, кој е купен не порано од 28.05.2018 година,
- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција и добиле средства по истата од Општината Карпош, немаат право да учествуваат на огласот.

**Член 6**

Се задолжува Комисијата од член 4 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за одобрување субвенции за купување нови велосипеди и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на субвенции за купување на нови велосипеди, до исцрпување на предвидените средства во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 7**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

Член 8

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-4263/4
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/3**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), Советот на Општина Карпош, на десетата седница одржана на 22.5.2018 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, бр. 01-61/6 од 26.2.2018 година, донесен со Одлука од управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, бр.02-61/7 од 26.2.2018 година.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/5<br>Датум: 22.5.2018 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, донесено на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/4**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), Советот на Општина Карпош, на десетата седница одржана на 22.5.2018 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градника „Распеана младост“, Карпош-Скопје, бр.01-38/5 од 22.3.2018 година, донесен од управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“-Општина Карпош-Скопје, со Одлука бр. 02-38/4 од 22.3.2018 година.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-4263/6**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за наградување на професори-тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2018**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за наградување на професори-тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2018, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/5**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02),а во врска со Глава II Проектни активности, точка 1. Активност/Настан: Училишни спортски игри Карпош 2018, од Програмата за дејноста спорт за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22 мај 2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2018

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува доделување на 28 парични награди на професорите-тренери по физичко и здравствено образование и индивидуално прогласените ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игриКарпош2018 година.

За професорите-тренери по физичко и здравствено образование, се доделуваат следните награди:

- За освоено прво место на училишната спортска екипа по 10.000,00 денари за четри професори во: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет
- За освоено второ место на училишната спортска екипа по 7.000,00 денари за четри професори во: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет и
- За освоено трето место на училишната спортска екипа по 6.000,00 денари за четри професори во: фудбал, кошарка, одбојка и ракомет.

За индивидуално прогласените најдобри спортисти во училишните игри на Општина Карпош ќе се додели парична награда во износ од по 8.000,00 денари за шеснаесет (16) ученици.

**Член 2**

Средствата за исплата на паричните награди од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

За исплата на наградите од член 1 на оваа одлука, поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4263/7
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за определување на финансиска поддршка на Здружение Фудбалски клуб Карпошово 1689-ББ-Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за определување на финансиска поддршка на Здружение Фудбалски клуб Карпошово 1689-ББ-Скопје, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/6**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II. Проектни активности, Точка 4.Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр.18/2017), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, оддржана на 22.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на финансиска поддршка на Здружение Фудбалски клуб Карпошово 1689-ББСкопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансика поддршка бр.11-3725/1 од 30.04.2018 година, доставено од Здружение фудбалски клуб Карпошово 1689 ББ Скопје, со што се одобруваат финансиски средтсва како поддршка за предподготовки за учество на Европско првенство футсал за лица со даунов синдром на 1 ноември 2018 година во Република Италија.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 100.000,00 (сто илјади) денари и да се исплатат на жиро сметка 210071667880102 депонент на НЛБ Тутунска Банка Скопје во корист на Здружение фудбалски клуб Карпошово 1689 ББ Скопје.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука, се исплаќа еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година – Програма ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463 – трансфер до невладини организации, потставка 463120 – трансфер до спортски клубови.

Член 4

Се задолжува барателот Фудбалски клуб Карпошово до Советот на Општина Карпош и до одделението за култура и спорт да достави Извештај по реализираниот проект.Клубот се обврзува, средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски за реализација на проектот предвиден за работа.
По реализирањето на проектот, клубот е должен до општината да достав идетален програмски и финансиски извештај за реализација на активностите, со спецификација за вкупните трошоци, кој во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди или фискални сметки со сметко потврди.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4263/8
Датум: 23.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието на Општина карпош за 2018 година (за реализирање на проектот 10ка за Карпош, подносител: Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА –ПРОДУКЦИЈА Скопје)**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието на Општина карпош за 2018 година (за реализирање на проектот 10ка за Карпош, подносител: Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА –ПРОДУКЦИЈА Скопје), донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-4263/7
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и точка 8.Поддршка на проекти од областа на образованието од Програмата заактивноститенаОпштинаКарпошвообластана образованието за 2018година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.4/18), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22.5.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**одобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованиетона Општина Карпош за 2018 година (за реализирање на проектот 10ка за Карпош, подносител: Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА –ПРОДУКЦИЈА Скопје)**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.53-3626/1 од 27.04.2018 година, доставено од Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА – ПРОДУКЦИЈАСкопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за реализирање на Проектот "ДЕСЕТКА ЗА КАРПОШ" јануари-декември 2018“, врз основа на точка 8.Поддршка на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.4/18).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 524.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата заактивноститенаОпштинаКарпошвообластана образованието за 2018година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА – ПРОДУКЦИЈА Скопје

**Член 5**

Се задолжува барателот Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА - ПРОДУКЦИЈА Скопје до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за образование да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-4263/9<br>
Датум: 22.5.2018 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
**(КП бр.8/2 и КП бр.9/2, КО Злокуќани)**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
(КП бр.8/2 и КП бр.9/2, КО Злокуќани), донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош оддржана на 22 мај 2018 година,

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/8**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Републилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22.05. 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.8/2 и КП бр.9/2, КО Злокуќани)**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-5798 од 25.08.2011 година, на Еџмеин Чучуљ од Скопје, за објект на КП бр.8/2 и КП бр.9/2, КО Злокуќани, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Републилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16),

Член 2

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

Член 3

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/10
Датум: 22.05.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНАКАРПОШ,
Андреј Манолев,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
**(КП бр.658, КО Бардовци)**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
(КП бр.658, КО Бардовци), донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 мај 2018 година,

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/9**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.658, КО Бардовци)**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-6574 од 29.08.2011 година, на Трајанка Андревска од Скопје, за објект на КП бр.658, КО Бардовци, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16),

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/11
Датум: 22.05.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНАКАРПОШ,
Андреј Манолев,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**За објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

(КП бр.646/30, КО Долно Водно)

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.646/30, КО Долно Водно), донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош оддржана на 22 мај 2018 година,

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/10**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22.05. 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.646/30, КО Долно Водно)**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-2981 од 28.07.2011 година, на Љупчо Ѓоршев од Скопје, за објект на КП бр.646/30, КО-Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16),

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/12
Датум: 22.05.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

(КП бр.646/68, КО Долно Водно)

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.646/68, КО Долно Водно), донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 мај 2018 година,

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/11**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, оддржана на 22.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација**
**заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**
**(КП бр.646/68, КО Долно Водно)**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-763 од 09.05.2011 година, на Ѓорѓи Мароски од Скопје, за објект на КП бр.646/68, КО-Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16),

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/13<br>
Датум: 22.05.2018 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ<br>
НА ОПШТИНАКАРПОШ,<br>
Андреј Манолев,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација поради постоење неможност за усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.7741, КО Ѓорче Петров 4 - Влае)**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација поради постоење неможност за усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.7741, КО Ѓорче Петров 4 - Влае), донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош оддржана на 22 мај 2018 година,

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/12**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22.05. 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација поради постоење неможност за усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.7741, КО Ѓорче Петров 4 - Влае)**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.35-7397 од 31.08.2011 година од страна на лицето Иван Стојановски, а кое се однесува на објект на КП 7741, КО Ѓорче Петров 4-Влае, Советот на Општина Карпош констатира дека не може да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одбредбите од ), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/14<br>Датум: 22.05.2018 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ<br>НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Андреј Манолев,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**заобјавување на Решение за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавуваРешението за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје, донесено на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/13**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2006, ) и член 124, став 2 и став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Советот на Општина Карпош надесетата седница, одржана на 22.5.2018 година донесе

## РЕШЕНИЕ
**за разрешување и именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешува претставникот именуван од страна на Советот на Општина Карпош, со Решение бр.09-5279/35 од 10.07.2017 година од член на училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“-Скопје, поради неоправдано последователно отсуство од седниците на училишниот одбор:

- Елизабета Јаревска

2. За претставник на Општина Карпош во училишниот одбор на општинското основно училиште „Бартство“-Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

- Александар Рајковски

3. Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4263/15
Датум:22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**заобјавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност од 01.01. до 15.05.2018 година**

1. Се објавуваЗаклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност од 01.01. до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/14**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на шестата седница, одржана на 24 јануари 2018 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност од 01.01. до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност 01.01. до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за екологија и енергетска ефикасност.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4263/16
Датум:22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 18/2017), дел II. Проектни активности, точка 1. Одделение за екологија, потточка 1.6. Субвенционирање на купување велосипед, раководителот на секторот за екологија и енергетска ефикасност изготви

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ
ЗА ПЕРИОД 01.01. – 15.05.2018 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Секторот за заштита на животната средина и природата, кој во својот состав содржи две одделенија – **Одделение за екологија** и **Одделение за енергетска ефикасност**, со своите активности се стреми да придонесе за спроведување на многуте еколошки и енергетско-ефикасни проекти, а сé со цел Општината Карпош и нејзините граѓани да добијат одлични услови и повисоки стандарди во областите екологија и енергетска ефикасност, како и другите области кои се во надлежност на овој сектор.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2018 ГОДИНА

Генералните цели, по кои се водеше тимот на вработени при извршувањето на активностите во текот на 2018 година, се следните:

- Општина Карпош – општината на својата територија да ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина и енергетската ефикасност;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини. Заложбата на ЕУ (20,20,20) нé обврзува за намалување на потрошената енергија од 20%, односно намалување на емисијата на $CO_2$ за 20% во период до 2020 година.

## III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОЛОГИЈА

Одделението за екологија своето работење во 2018 година го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Проекти, едукации, работилници, семинари
1.5. Субвенционирање на купување на велосипед

## 1.1. ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА

За одржување на јавната чистота, иако не е во нејзина законска надлежност, односно е во надлежност на ЈП Комунална хигиена – Скопје, Општината Карпош издвои значителна енергија и голема посветеност со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Во моментот на подготвување на овој Извештај Општината Карпош има ангажирано во **105 сезонски работници** кои беа исплатени од општинскиот Буџет.

Поради подобра организираност и прегледност на ангажманот на работниците, територијата на Општината Карпош е поделена на **6 делови** кои ги раководат **реонски координатори**, кои се хиерархиски под **главниот координатор,** кој пак за работењето му дава отчет на **Раководителот на Секторот** за екологија и енергетска ефикасност.




**Реон 1** – УЗ Карпош 1, Карпош 2 и Карпош 3,
**Реон 2** – УЗ Карпош 4,
**Реон 3** – УЗ Владо Тасевски,
**Реон 4** - Тафталиџе 1, Тафталиџе 2 и Нерези,
**Реон 5** – УЗ Кузман Јосифоски – Питу, Пецо Божиновски – Кочо,
**Реон 6** – УЗ Влае 1, Влае 2, Злокуќани и Бардовци.

За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош издвои средства за:

- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),

… 7.205.116,00 денари

- Набавка на телескопска пила за кастрење на гранки и пила за сечење на дрва,
  ... 95.155,00 денари

- Набавка на дупчалка со сврдел за ископ на земја за садење дрвца,
  ... 49.560,00 денари

- Набавка на комунално товарно возило за подигање и транспорт на смет од јавните површини во Општина Карпош
  ... 1.517.716,00 денари

- Одржување и сервис на комуналните возила (двете комунални и едното теренско возило редовно беа сервисирани, замена на пневматици итн),
  ... 37.849,00 денари

- Чистење на дивите депонии (во текот на споменатиот период – до 15.05.2018 година подигнати и расчистени се 11 помали диви депонии со 103 $m^3$ отпад).

**Вкупно: 8.905.396,00** денари

## 1.2. ПАРКОВИ, ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И ХОРТИКУЛТУРА

Општината Карпош, како одговорен општествен субјект, и во периодот 01.01.-15.05.2018 година се грижеше за одржувањето на зелените и цветни површини кои самата ги има подигнато (иако оваа дејност е во надлежност на ЈП Паркови и зеленило, односно Градот Скопје). Преку процесот на јавни набавки се дојде до економски оператори кои во текот на целата година се грижеа за следните постоечки хортикултурно уредени површини:

- **Зелените површини на плоштадот “Делфина”, УЗ Влае 2,**
  Пролетно садење: 4.500 цвеќиња (тип Verbena)
  ... 240.106,00 денари

- **Кружниот тек помеѓу улиците Варшавска и Париска,** УЗ Тафталице 1,
  Пролетно садење: 2.400 цвеќиња (тип Celosia Cristata)
  ... 117.633,00 денари

- **Зелените површини околу платото со фонтана во Карпош 3**,
  Пролетно садење:3.400 цвеќиња (3.000тип Verbena,400 тип Celosia Cristata),
  ... 96.751,00 денари

- **Зелените површини на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев)**,
  Пролетно садење: 3.500 цвеќиња (тип Celosia Cristata)
  ... 101.288,00 денари

- **Зелените површини на плоштадот во УЗ Бардовци**,
  Пролетно садење: 1.600 цвеќиња (тип Celosia Cristata)
  ... 82.205,00 денари

- **Жардињерите на плоштадите “Млечен” и “Педагошка”, УЗ Владо Тасевски,**

  Повеќегодишни украсни дрвја и грмушки, од следните типови:
  - Juniperus (украсна грмушка) – 119 садници,
  - Buxus (украсна грмушка) – 21 садник,
  - Yucca (украсно дрво) – 16 садници,
  - Ilex (украсно дрво) – 2 садници, и
  - Cupressus (украсно дрво) – 11 садници.

  ... 345.994,00 денари

Беше вршено и постојано **одржување на автоматските системи за полевање** на зеленилото на жардињерите на бул. Партизанска, на плоштад “Делфина” во Влае, на плоштад Млечен, околу платото со фонтана во Карпош 3, плоштадот спроти СД Гоце Делчев, плоштадот во Бардовци итн.

... 208.755,00 денари

Од страна на вработените за одржување на јавната хигиена и јавното зеленило на Општина Карпош, а по претходно завршена тендерска постапка, **беа засадени 113 висококвалитетни дрвца**

**(49 листопадни и 64 зимзелени).** Дрвцата беа засадени во четири урбани заедници, и тоа: УЗ Владо Тасевски, УЗ Тафталиџе 1, УЗ Карпош 1 и УЗ Карпош 2. Грижата околу одржувањето на садниците ја превземаа службите на Општина Карпош.

... 348.471,00 денари

Општината Карпош со работна рака помогна и во две други активности, одржани во основните училишта во Карпош, и тоа:

- Во дворот на **ООУ Јан Амос Коменски** (Тафталиџе 1), со донација од **Стопанска банка, Нула Отпад и Пакомак**, засадени беа **240 сезонски цвеќиња и 48 зимзелени дрвја**.
- Во дворот на ООУ Петар Поп Арсов, преку донација на **Лајонес Алфа** од Скопје, се посадија **100 рози**, од кои 50 стандардни и 50 ползавци.

**Вкупно: 1.541.203,00** денари

### 1.3. УРБАНА ОПРЕМА

### 1.3.1. Одржување на урбаната опрема

Периодов големо внимание беше посветено и на санирањето и заменувањето на веќе постоечката урбана опрема, па така:

- Заменети се **289 дрвени кадрони на постоечки клупи**,
- Санирани се **7 оштетени корпи за отпадоци**,
- Поставени се **157 метални столбчиња**,
- Заменета е **155,6 m$^2$ оштетена метална ограда** со нова,
- Поставени **метални ракохвати – 63 m’,**
- Поставени се **3 огласни табли**,
- Саниран е **еден летниковец** (ул. Јуриј Гагарин 35),
- Санирани се **2 држачи за велосипеди**, и друго.

...1.094.780,00 денари

Извршени се и **неколку интервенции и прилагодувања на фонтаните на плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот спроти СД Гоце Делчев (УЗ П. Б. Кочо), во Карпош 3 и во Бардовци**,

... 198.774,00 денари

### 1.3.2. Поставување на нова урбана опрема

Нова и урбана опрема се поставуваше на целата територија на Општината Карпош, а беа поставени:

- **13 парковски клупи за седење и 30 корпи за отпадоци**,

... 192.540,00 денари

- Набавени се **3 нови рампи со автоматика**, кои ќе се постават на влезовите на паркинг просторите на:
    - Ул. Лондонска (паркинг кај Асиба), УЗ Тафталиџе 1,
    - Ул. Волгоградска, УЗ Карпош 4, и
    - Ул. Карпошево востание, УЗ Карпош 3.

... 503.279,00 денари

**Вкупно: 1.989.373,00** денари

### 1.3.3. Детски и спортски игралишта

Во текот на 2018 година (поточно до 15.05.2018 година) изградени се **три нови детски игралишта, а едно е во завршна фаза**, од дрвени реквизити и по најсовремени европски стандарди, и тоа:

1. Игралиште на **ул. Влае (до спортските игралишта), УЗ Влае 1**,
2. Игралиште помеѓу кулите на **ул. Јуриј Гагарин 33 и 35 (спроти “Веро”), УЗ К. Ј. Питу**,
3. Игралиште на **бул. Партизански одреди 72 (зградата на “Горење”), УЗ Карпош 3 и**
4. Игралиште на **ул. Женевска (помеѓу ООУ Братство и ДГ Мајски цвет), УЗ Тафталиџе 2** – во изградба.

Станува збор за комплетно нови реквизити, заштитна мрежа, клупи, корпи и сл.

**Вкупно: 2.455.376,00 денари**

Покрај изградбата на нови детски игралишта, беа извршени **18 интервенции (санации) на постоечки детски игралишта,** односно во толку наврати беа заменувани седишта или ланци за лулашки, седишта, лизгалки, држачи или цевки за клацкалки, интервенирано или заменети други реквизити, жичени огради, корпи и клупи во внатрешноста на игралиштата и слично.

Се заменуваа оштетени реквизити и на спортските игралишта, па така заменети се **4 табли за кошарка, 4 обрачи (комплет со мрежа) и 2 мрежи за голови**.

За одржување на детските и спортските игралишта во периодот од 01.01. до 15.05.2018 година општината издвои 202.135,00 денари.

### 1.4. ПРОЕКТИ, ЕДУКАЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ ОД ОБЛАСТА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Во досегашниот дел од 2018 година, сеуште не се реализирани проектите предвидени согласно Програмата за активностите на Општината Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност, а поднесени од Здруженија на граѓани. Нивната реализација се планира во преостанатиот дел од годината.

Вработените во Одделението за екологија, сепак, имаа доста активен период кој може да се види во дополнителниот материјал (види Анекс 1).

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Проекти од областа на енергетската ефикасност,

### 2.1. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во периодот до 15.05.2018 година одржувањето на јавното осветлување се вршеше во **два реони**:

- **Реон 1 – УЗ Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Злокуќани и Бардовци;**

- **Реон 2 – УЗ Владо Тасевски, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Кузман Јосифовски Питу, Пецо Божиновски Кочо, Влае 2 и Нерези.**

На јавната набавка за одржување на јавното осветлување се пријавија повеќе економски оператори, а по електронската аукција беше склучен договор за јавна набавка со фирмата **Електроизградба**, која совесно и навремено ги исполни обврските согласно договорот за јавна набавка, па во периодот од 01.01. до 15.05.2018-та беа заменети следните параметри:

| **Заменет материјал** | **Реон 1** Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Злокуќани и Бардовци | **Реон 2** В.Тасевски, Тафталиџе 1 и 2, КЈП, ПБК, Нерези и Влае 2 | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Светилки (70W) | 325 | 382 | **707** |
| Пригушници (70W) | 169 | 153 | **322** |
| Фасонки Е-27 | 128 | 206 | **334** |
| Игнитори | 181 | 173 | **354** |
| Кабел PP 3x1,5 mm | 128 m | 146 m | **274 m** |
| Конзола | 20 | 39 | **59** |
| Арматура (70W) | 15 | 17 | **32** |
| Автом. осигурувач | 58 | 42 | **100** |
| Кабел PPOO-A | 127 m | 96 m | **223 m** |
| Столб (h=5 m) | 8 | 12 | **20** |
| Ножест осигурач | 35 | 28 | **63** |

Во одржување на јавното осветлување Општината Карпош инвестираше вкупно3.440.302,00 денари.

Извршено е и поставување на нова линија, односно целосна реконструкција на јавното осветлување, на следнива локација:

- **Ул. Момин поток (УЗ Злокуќани)** – 45 столбови (дрвени)

... 757.120,00 денари

Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош изврши и набавка на **нови 5 независни командни разводни ормари** (НКРО), со цел да се поставаат на места кои досега немале систем за улично осветлување.

... 182.402,00 денари

## 2.2.ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

- Започната изработката на ЕСКО студијата за детската градинка Пролет - Влае за замена на котлите за нафта со термални пумпи вода/вода
- Започната изработката на студија за замена на системот за греење во Аврам Писевски со систем на термални пумпи воздух/ вода
- Во тек е постапката за добивање грант средства за проектот “Мониторинг и управување со потрошувачката на сите видови енергии”
- Во континуитет продолжуваат активностите во проектот COOL/HEATING кои се однесуваат на мрежа за греење и ладење во новата населба Злокуќани, Бардовци
- Реализирани се 7 стручни обуки и презентации на теми ЕЕ и ОИЕ

**Раководител на Сектор за екологија**
**и енергетска ефикасност**
**Петар Теов**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација напрограмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесен на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/15**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десетатаседница, оддржана на 22.05.2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за развој и Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/17**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа член 22, став 1, точка 3, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), раководителот на Секторот за развој изготви:

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ
**01.01.2018 - 15.05.2018 година**

## А) СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ СПОРЕД ПРОГРАМАТА НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ ОД 2018 ГОДИНА

### 1. Ревидирање на Профилот на Општина Карпош и брошура со ЦД за туристичките локалитети и атракции во општината и нејзино реиздавање

**Краток опис:** Секторот за Развој според предвидената програма за 2018 година, ја отпочна активноста за ревидирање на Профилот на општина Карпош на крајот на месец февруари. На одржан колегиум беа договрени предвидените активности за дефинирање на содржината на ревидираниот профил, при што се отпочна со прибирање на потребните информации. Во тек е доставувањето на податоците потребни од централен регистар со што ќе се комплетира целиот состав на Профилот и ќе следи негово печатење.
**Буџет:** не се потрошени средства бидејќи активноста е во тек

### 2. Крводарителска акција

**Краток опис:** Крводадителска акција предвидена во програмата на Сектор за развој е во тек. За таа цел Секторот за Развој во соработка со Црвениот крст и Заводот за трансфузиологија на заеднички состанок одлучија акцијата да биде одржана на 21.05.2018 година на два пункта и тоа: во спортската сала на ОУ Лазо Трповси - Општина Карпош и во просториите на Месната заедница Влае – 1. Во тек е известувањето на досегашните крводарители и испраќање на картички за потсетување, со цел успешност и масовно вклучување на граѓаните во крводарителската акција.

Превземени се активности и за поставување на плакати на целата територија на општината, а за денот на крводарителската акција ќе бидат формирани тимови кои ќе ја спроведат акцијата.
Буџет: /

3. Традиционална скопска Тортијада и Интернационална Тортијада

Краток опис: Оваа година Општина Карпош беше гостин на традиционалната скопска тортијада, а како домаќини и организатори на настанот беа Хуманитарната организација Ангелчиња Хоа и Општина Илинден. Манифестацијата се одржа на 16.02.2018 година во Домот на културата во Општина Илинден при што од општина Карпош беа пријавени шест учеснички во аматерскиот дел и една учесничка во професионалниот дел.
Како и секоја година Општина Карпош се вклучи со свое учество во хуманитарниот дел на акцијата со донирање на сретства кои општина Илинден како домаќин ги намени за здружение за лица со посебни потреби.

Буџет: 47.067,00 (средства потрошени за донација, котизација за карти за ревијален дел и учество на учесниците)

4. Ден на занаети

Краток опис: По повод велигденските празници во период од 30.03.2018 година до 07.04.2018 година на платото во Карпош 3 – ТЦ Лептокарија беа поставени штандови на кои се претставија повеќе ракотворци со своите изработки. Штандовите беа секојдневно посетувани од голем број на жители на Општина Карпош и Град Скопје.
Буџет: /

Б) АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ПРОГРАМАТА НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ

1. Спортко адреналински парк - Карпош

**Поднесено до:** Проект за локална и регионална конкурентност финансиран од Европска унија, а спроведуван од Светска банка

**Буџет:** 892.800,00 евра (49.372.200,00 денари)
Учество на општината: 90.000 евра (задолжително 10% учетво)

**Краток опис на проектот:** Проектот е наменет за развој на туристички локалитети, атракции и се она што ќе допридонесе за зголемување на бројот на домашни и странски туристи.

За таа цел, проектниот тим подготви апликација за изградба на "Спортско адреналински парк - Карпош". Станува збор за воведување на новите содржини кои ќе бидат поставени над коритото на река Вардар, до ул. Илинденска, позади карпата за качување и скејт паркот, која е во зона Д3 предвидена за спорт и рекреација и зона Д2 наменета исклучиво како зелена површина. Со проектот се планира да се изврши целосна реконструкција на детско игралиште, реконструкција на скејт парк и негово проширување, изградба на игралиште за одбојка на песок, фудбал на песоки адреналински парк за деца и возрасни со парк за рекреација-хортикултурно уреден, со најсовремена урбана опрема. Целиот простор ќе биде озеленет и ќе се засадат нови 320 дрвца, над 30.000 цвеќиња, ќе се поставaт дрвени куќички за продожба на безалкохолни пијалоци и сувенири. Со тоа целата содржина ќе се заокружи во еден современ спортки адреналински центар, што ќе даде уникатност и препознатливост на Општина Карпош.
Проектот е во фаза на негово прво одобрување.

2. Реконструкција на детска градинка Мајски Цвет во Тафталиџе 1

**Поднесено до:** Светска банка - Програма за задолжување на општините МСИП 2

**Буџет:** 35.400.000,00 денари
Учество на општината: целосно (заем)

**Краток опис на проектот:** Во моментот објектот се наоѓа во многу лоша состојба и условите за згрижување на децата од предучилишна возраст е лоши. Детската градинка изградена е во 1964 година и од тогаш па до денес не се направени никакви позначајни интервенции. Градинката е со нето површина од 1370м2.
Со проектот се планира да се изгради целосно нов објект со примена на принципите на енергетска ефикасност.
По завршување на проектот на општината ќе и биде доделен грант во износ од 10% од искористените срдства од заемот.

**3. Замена на стари прозори и врати со нови и реконструкција на тоалетите во детската градинка "Мајски цвет"**

**Поднесено до:** Јапонска канцеларија за врски при Амбасадата на Република Јапонија во Скопје

**Буџет:** 60.302,00 евра (3.708.573,00)
Учество на општината: /

**Краток опис на проектот:** Градинката "Мајски цвет" во Владо Тасевски е изградена во 1980 година и од тогаш, па до денес некои поголеми зафати и нејзина реконструкција нема направено. Затоа со замена на 15 прозори, 12 врати и прозори, 45 врати во цела градинка, како и сите тоалети за децата, ќе се влијае на подобрување на условите во градинката, а посебно зимските периоди ќе се задржува топлината, што ќе се намалат сметките, од дополнителното уклучување на клими и слични уреди за дозатоплување.

**Слика 1,2,3 и 4: Детска градинка “Мајски цвет”, Владо Тасевски**

**4. Реконструкција на три улици "Карпошево востание", "Атинска", "Римска"**

**Поднесено до:** Светска банка - Програма за задолжување на општините МСИП 1

**Буџет:** 11.532.000,00 денари

Учество на општината: целосно (заем)

**Краток опис на проектот:** Станува збор за до искористување на заемот од Светска банка според договор потпишан на 12.11.2014 година во вредност од 48.424.933,00 денари. За таа цел предвидена е реконструкција на ул. Карпошево востание, како и реконструкција на улиците и тротоарите на улиците "Атинска" и "Римска" и тоа во вредност од 11.532.000,00 денари (цена според основен проект).
Заемот е одобрен и проектот е до фаза на објавување на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач.

По завршување на проектот на општината ќе и биде доделен грант во износ од 10% од искористените срдства од заемот.

5. Моја картичка - мој Карпош

Картичката за попусти е наменета за сите жители на општината и обезбедува погодности и привилегии во повеќе области од оштественото живеење. Секој корисник на картичката има право подеднакво да ги користи погодностите и привилегиите кои произлегуваат од неа.
Главниот партнер на картичката за попусти се претпријатијата кои ги нудат погодностите за корисниците на картичката. Попустите и привилегиите се дефинирани во договорот помеѓу бизнисот и општината, со што јасно е прецизирано за која категорија/и на производи/услуги важат попустите.
Минималното ниво на попуст е 5% на претпријатијата им се остава простор заедно во договор со општината да одреди дали ќе нуди класичен паричен попуст за корисниците или ќе користи друга форма на врзни производи, дополнителни подароци и сл.

**Главни карактеристики на картичката за попусти во поглед на корисниците**

- Обезбедува % попустна производите/услугите во приватните претпријатија и кои имаат засновано партнерски однос

**Главни карактеристики на картичката во поглед на партнерите (претпријатијата)**

- Зголемена посетеност на објектите на потенцијални потрошувачи,
- Зголемување на продажбата како резултат на дадените попусти,
- Подобрување на имиџот на компанијата,
- Бесплатно маркетинг средство

**Специфичности поврзани со начинот на користење на картичката за попусти**

- Секој жител на Карпош мора да го приложи документот на лична идентификација како доказ дека е жител на Општина Карпош,

**Специфичности поврзани со комуникацијата помеѓу општината и претпријатијата**

- Претставници на општината воспоствуваат контакт со одговорни лица претпријатијата со цел презентирање на проектот и убедување да се пристапи кон програмата.
- Одржување на постојани контакти помеѓу одговорните во општината и преставници на претпријатијата за воведување на одредени новости.

Раководител на сектор за развој
Евантија Стојановска

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 11-4513/16**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десетатаседница, оддржана на 22.05.2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за култура и спорт и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/18**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа член 22, став 1, точка 5, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.04/2018 во дел II Проектни активности, точка 3 Финансиска поддршка на културни активности во делот „Опис на активности“) раководителот на Одделение за култура и спорт изготви

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО
ЗА КУЛТУРА И СПОРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 - 15.05.2018 ГОДИНА
(КУЛТУРА)

Согласно Програмата за култура за 2018 година, точка релизирани се следниве настани:

1. СРПСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР го реализираше проектот „ДЕНОВИ НА СВЕТИ САВА“.

Содонесенаодлукаодсоветнаопштинакарпошод 24.01.2018 годиинаброј 09-489/30, сеодобријафинансиски средства од 50.000,00 денари, на Српски културен центар како подршка за реализирање на проектот Одбележување на Свети Сава - национален ден на српската заедница во Република Македонија.

2. ОГЛАСОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2018 ГОДИНА
3.

Со донесена одлука од совет на Општина Карпош од 07.03.2018 годиина број 09-1788/18 за објавување на оглас задоделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, истиот е заверен во архивата на општината под број 0918-2129/1 од 09.03.2018 година и објавен во дневниот весник Нова Македонија на 12.03.2018 година, како и на интернет и фејсбук страната на општината (www.karpos.gov.mk) и направената измена и дополнување на огласот со одлука број 09-3199/23 од

| *ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОДРШКА* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Име и Презиме* | *Бр. на решение* | *Износ* | *Еднократна подршка* | *Дата на исплата* | *Не исплатено* |
| *СО ОДЛУКА НА СОВЕТ: Српски културен центар* | *55-431/2 20.02.2018* | *50.000,00* | *Одбележување на Свети Сава* | *22.02.2018* | |
| *Илија Блажевски* | *11-727/2 22.02.2018* | *20.000,00* | *Награда за фаќање на крстот за Водици* | *23.02.2018* | |
| *Факултет за драмски уметности* | *11-2288/2 16.03.2018* | *30.000,00* | *Поддршка на Меѓународниот студентски фестивал ДИОНИЗ Осиек Хрватска* | *25.04.2018* | |
| *Спасе Димовски* | *11-1930/3 19.03.2018* | *10.000,00* | *Меѓународен натпревар по пијано во Венеција* | *30.03.2018* | |
| *Макетарски клуб Михајло Ивановски-Микс* | *11-1215/2 19.03.2018* | *20.000,00* | *За изложби на макети,минијатури и диорами и макетарски натпревар Куп Скопје 2018 година* | *19.04.2018* | |
| *АФАДАМ* | *11-2772/2 19.04.2018* | *20.000,00* | *За учество на два Меѓународни фестивали во Истанбул и во Бурса* | *20.04.2018* | |

23.04.2018 година, заверен во архивата на општината под број 11-2129/2 од 25.04.2018 година објавен во Нова Македонија од 27.04.2018 и е отворен и трае до 31.12.2018 годинаили до исцрпување на предвидените средства. Досега на огласот има пристигнати вкупно 11 проекти.

Раководител на Одделение за култура и спорт
Патрик Поповски

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/17**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" 5/2002), Советот на Општина Карпош на десетатаседница, оддржана на 22.05.2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за култура и спорт и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 09-4263/19
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа член 22, став 1, точка 6, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), раководителот на Оделението за култура и спорт, изготви

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО
## ЗА КУЛТУРА И СПОРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 - 15.05.2018 ГОДИНА
## (СПОРТ)

Според донесениот план, динамика и активности за работа на одделението за култура и спорт, за организација и реализацијана предвидените проекти од дејноста на спортот, согласно усвоената програма од страна на советот на Општина Карпош за 2018 година, беа успешно започнати, организирани и реализирани следните проекти:

### 1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ

### КОШАРКА 7.02 - 12.04.2018

Вториот дел од кошаркарската лига се одржа во периодот од 7 февруари до 12 април. Пријавени училишни екипи беа: ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Христијан Тодоровски Карпош, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Братство, ООУ Лазо Трповски, ООУ Аврам Писевски, ООУ Владо Тасевски, ООУ Војдан Чернодрински и ООУ Вера Циривири Трена. Натпреварите се играа во ООУ Војдан Чернодрински. Се одиграа 9 кола, секое коло имаше по 5 натпревари или вкупно 45 натпревари. По одигрувањето на девете кола од училишната кошаркарската лига за ученици од основните училишта од подрачјето на Општина Карпош и добивањето на конечниот пласман на табелата, се пристапи кон организирање на завршен турнир или плеј оф. Плеј оф се играше помеѓу четрите првопласирани училишни екипи по следниот распоред: прво пласираниот со четврто пласираниот и второ пласираниот со трето пласираниот. Победниците од овие два дуели играа во финалето за прво и второ место, додека поразените играа во малото финале за трето и четврто место. Завршницата од турнирот беше организирана во ВИП Арената Борис Трајковски (мала сала), на кој учествуваа четрите најдобри училишни екипи од регуларниот дел во кошаркарската лига: ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ

Христијан Тодоровски Карпош и ООУ Петар Поп Арсов. По дводневните борби помеѓу четрите најдобри екипи беа прогласени трите најдобри кошаркарски училишни екипи, кои добија пехар, медали и дипломи.

Пласман на кошаркарските училишни екипи:
Прво место ООУ Јан Амос Коменски,
Второ место Димо Хаџи Димов и
Трето место Христијан Тодоровски Карпош.

Најдобро прогласени поединци во кошаркарската лига на Општина Карпош беа:

Саве Манојловски - Најдобар стрелец (ООУ Јан Амос Коменски)
Јосиф Јаковлевски - Најдобар играч (ООУ Димо Хаџи Димов)
Паоло Блажевски - Најталентиран играч (ООУ Христијан Тодоровски Карпош)

ОДБОЈКА (девојчиња) 05.02 - 25.04.2018

Во одбојкарската лига за девојчиња учествуваа осум основни училишта: ООУ Лазо Трповски, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Владо Тасевски, ООУ Аврам Писевски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Војдан Чернодрински и ООУ Христијан Тодоровски Карпош. Пролетниот дел започна на 05.02.2018 год. со осмото коло. Натпреварите се играа во: ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Владо Тасевски и ООУ Христијан Тодоровски Карпош.

Во училишната одбојкарска лига, се играше и супер лига во која продолжија да се натпреваруваат првите 6 екипи од лигата. По завршување на Супер Лигата се одиграа и полуфиналните натпревари или познато како плеј оф натпревари во ВИП Арената Борис Трајковски, помеѓу екипите на ООУ„Владо Тасевски” и ООУ„Димо Хаџи Димов” и другата полуфинална двојка ООУ„Петар Поп Арсов” и Војдан Чернодрински”,а во борбата за прво место се сретнаа екипите на ООУ„Петар Поп Арсов” и ООУ„Владо Тасевски”, каде што поуспешен тим и шампион стана училишната одбојкарска екипа на ООУ„Петар Поп Арсов”.

Пласман на одбојкарските училишни екипи:

Прво место ООУ Петар Поп Арсов,
Второ место Владо Тасевки и
Трето место Димо Хаџи Димов

Награди за најдобро прогласените поединци спортисти:

Ива Чадиковски - Најдобар играч (ООУ Владо Тасевски),
Ивона Божиновска - Најталентиран играч (ООУ Владо Тасевски)
Николина Наумова - Најкорисен играч (ООУ Петар Поп Арсов)

## ФУДБАЛ 16.04 - 08.05.2018

Училишната фудбалска лига се одигра на тревнатиот терен за мал фудбал во населбата Влае. За разлика од кошарката и одбојката, фудбалот се одигра во класичен лига систем. Пријавени училишни екипи беа: ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Христијан Тодоровски Карпош, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Братство, ООУ Лазо Трповски, ООУ Аврам Писевски, ООУ Владо Тасевски, ООУ Којдан Чернодрински и ООУ Вера Циривири Трена. Вкупно се одиграа 9 кола по пет натпревари во секое коло, после кои се прогласија трите најдобри училишни фудбалски екипи на кои им беа доделени пехари, медали и дипломи:

Прво место ООУ Братство,
Второ место ООУ Војдан Чернодрински и
Трето место ООУ Владо Тасевски.

Најдобри прогласени поедници:

Георг Стојановски - Најдобар стрелец (ООУ Војдан Чернодрински,
Нихат Ибраими - Најдобар голман (ООУ Братство)
Нефаил Садики - Најдобар играч (Братство)
Јетмир Исени - Најталентиран играч (Братство)

## РАКОМЕТ 21.03.2018 - 05.04.2018

Пролетниот дел од ракометната лига помеѓу општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош се одржа од 21.03.2018г. до 05.04.2018г. Во лигата која се одржа во ВИП Арената на Борис Трајковски, учествуваа 8 училишни екипи: ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Аврам Писевски, ООУ Лазо Трповски, ООУ Вера Циривири Трена, ООУ Војдан Чернодрински, ООУ Христијан Тодоровски Карпош, ООУ Владо Тасевски. Распоредот на натпреварувањето беше распореден во 7 кола, од кој во секое коло се одигрувaa по 4 натпревари. Најдобро пласирана екипа

во лигата беше екипата на ООУ Христијан Тодоровски Карпош, која го освои првото место, второто место му припадна на екипата на ООУ Петар Поп Арсов и третото место го освои ООУ Аврам Писевски.

Најдобро прогласени ракометни поединци беа :

Момчиња
1. Андреј Крстевски – Најдобар играч (ООУ Христијан Тодоровски Карпош)
2. Јован Фичорски– Најталентиран играч (ООУ Петар Поп Арсов)
3. Марко Доневски – Најдобар голман (ООУ Христијан Тодоровски Карпош
4. Виктор Додевски – Најдобар стрелец (ООУ Лазо Трповски)

Девојчиња
1. АнаНиколовска – Најталентиранииграч (ООУ Христијан Тодоровски Карпош)
2. Мирјана Петковска – Најдобар играч (ООУ Вера Циривири Трена).

| ДОГОВОРИ ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2018 (период јануари - јуни) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име и Презиме | Бр. на договор | Износ | Договор за | Дата на исплата | Не исплатено |
| Марјан Угриновски | 03-3672/1 30.04.2018 | 10.000,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д Плеј оф кошарка 2натпревари х 500д= 1000д | ----------- | Не исплатено |
| Александра Николовска | 03-3664/1 30.04.2018 | 3.500,00 | Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д | ----------- | Не исплатено |
| Светлана Илиоска | 03-3674/1 30.04.2018 | 7.000,00 | Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д Одбојка супер лига 5натпревари х 500д = 2.500д Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д | ----------- | Не исплатено |
| Борче Божиновски | 03-3667/1 30.04.2018 | 11.500,00 | Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д Одбојка супер лига 5натпревари х 500д = 2.500д Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д | ------------ | Не исплатено |
| Благоја Ставревски | 03-3666/1 30.04.2018 | 18.500,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д Одбојка супер лига 5натпревари х 500д = 2.500д | ------------ | Не исплатено |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ракомет 7натпревари х 500 = 3.500д | | |
| Зоран Петровски | 03-3670/1 30.04.2018 | 19.500,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д<br>Одбојка супер лига 5натпревари х 500д = 2.500д<br>Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д<br>Ракомет 7натпревари х 500 = 3.500д | ------------ | Не исплатено |
| Татијана Трпезановска | 03-3676?1 30.04.2018 | 15.000,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д<br>Одбојка супер лига 5натпревари х 500д = 2.500д | ------------ | Не исплатено |
| Амди Муса | 03-3665/1 30.04.2018 | 12.500,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Ракомет 7натпревари х 500 = 3.500д | ------------ | Не исплатено |
| Зоран Сивевски | 03-3671/1 30.04.2018 | 9.000,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Плеј оф кошарка 2натпревари х 500д= 1000д<br>Ракомет 7натпревари х 500 = 3.500д | ------------ | Не исплатено |
| Оливера | 03-3673/1 | 12.500,0 | Кошарка 9натпревари х 500д= | ---------- | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Даневска | 30.04.2018 | 0 | 4.500д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Ракомет7натпревари х 500 = 3.500д | -- | исплатено |
| Зоран Бочваровски | 03-3669/1 30.04.2018 | 16.000,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д<br>Ракомет 7натпревари х 500 = 3.500д | ------------ | Не исплатено |
| Гоце Дуковски | 03-3668/1 30.04.2018 | 13.500,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Плеј оф кошарка 2натпревари х 500д= 1000д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Ракомет 7натпревари х 500 = 3.500д | ------------ | Не исплатено |
| Александар Аргировски | 03-3663/1 30.04.2018 | 7.000,00 | Одбојка 7натпревари х 500д = 3.500д<br>Одбојка супер лига 5натпревари х 500д = 2.500д<br>Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д | ------------ | Не исплатено |
| Сузана Здравковска | 03-3675/1 30.04.2018 | 13.500,00 | Кошарка 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Плеј оф кошарка 2натпревари х 500д= 1000д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Ракомет 7натпревари х 500д = 3.500д | ------------ | Не исплатено |

| ДОГОВОРИ ЗА СУДИИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2018 (период јануари - јуни) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име и Презиме | Бр. на решение | Износ | Договор за | Дата на исплата | Не исплатено |
| Дамјан Савиќ | 03-3535/1 26.04.2018 | 11.200,00 | Лига ракомет 7x4=28x400д= 11.200д | ------------ | Не исплатено |
| Слободан Чивлачки | 03-3536/1 26.04.2018 | 11.200,00 | Лига ракомет 7x4=28x400д= 11.200д | ------------ | Не исплатено |
| Валентина Радуловиќ | 03-3534/1 26.04.2018 | 11.200,00 | Лига ракомет 7x4=28x400д= 11.200д | ------------ | Не исплатено |
| Дејан Мишковски | 03-3526/1 26.04.2018 | 18.000,00 | Лига Фудбал 9x5=45x400д= 18.000д | ------------ | Не исплатено |
| Александар Недевски | 03-3525/1 26.04.2018 | 18.000,00 | Лига Фудбал 9x5=45x400д= 18.000д | ------------ | Не исплатено |
| Филип Лазовски | 03-3527/1 26.04.2018 | 18.000,00 | Лига Фудбал 9x5=45x400д= 18.000д | ------------ | Не исплатено |
| Стојанчо Јовчевски | 03-3530/1 26.04.201 | 18.800,00 | Лига Одбојка 7x4=28x400д= 11.200д Супер лига 5x3=15x400д= 6.000д | ------------ | Не исплатено |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | | Плеј оф 2х2=4х400д= 1.600д<br>Вкупно=18.800,00д | | |
| Александа р Петрески | 03-3530/1 26.04.201 8 | 18.800,0 0 | Лига Одбојка 7х4=28х400д= 11.200д<br>Супер лига 5х3=15х400д= 6.000д<br>Плеј оф 2х2=4х400д= 1.600д<br>Вкупно=18.800,00д | ------------ | Не исплатено |
| Марјан Давитков | 03-3530/1 26.04.201 8 | 18.800,0 0 | Лига Одбојка 7х4=28х400д= 11.200д<br>Супер лига 5х3=15х400д= 6.000д<br>Плеј оф 2х2=4х400д= 1.600д<br>Вкупно=18.800,00д | ------------ | Не исплатено |
| Дејан Зафировс ки | 03-3531/1 26.04.201 8 | 19.600,0 0 | Лига Кошарка 9х5=45х400д= 18.000д<br>Плеј оф 2х2=4х400д= 1.600д<br>Вкупно=19.600,00д | ------------ | Не исплатено |
| Николче Јовановск и | 03-3533/1 26.04.201 8 | 19.600,0 0 | Лига Кошарка 9х5=45х400д= 18.000д<br>Плеј оф 2х2=4х400д= 1.600д<br>Вкупно=19.600,00д | ------------ | Не исплатено |
| Никола Јакимовск и | 03-3532/1 26.04.201 8 | 19.600,0 0 | Лига Кошарка 9х5=45х400д= 18.000д<br>Плеј оф 2х2=4х400д= 1.600д<br>Вкупно=19.600,00д | ------------ | Не исплатено |

Предвидени средства: 3.800,000,00 денари
Набавка на пехари и медали: 26.938,00 денари
Користење на ВИП Арената 48 термини по 3.000,00 денари = 144.000,00 денари ВИП малата сала 4 по 3.000,00 денари = 12.000,00 денари
Направена штета: 64.527,00 денари
Договор професори: 169.000,00 денари
Договор судии: 202.800,00 денари
Вкупно неисплатено: 619.265,00 денари

## 2. ФИНАНСИСКАПОДРШКАНАСПОРТСКИКЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Со донесена одлука од совет на Општина Карпош од 07.03.2018 годиина број 09-1788/19 за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина карпош за 2018 година, истиот е заверен во архивата на општината под број 0919-2128/1 од 09.03.2018 година и објавен во дневниот весник Нова Македонија на 13.03.2018 година, како и на интернет и фејсбук страната на општината (www.karpos.gov.mk).

Овој оглас ѓи опфати сите активни спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, кој се натпреваруваат во системот на националните спортски федерации и кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен, така и на меѓународен план. Возависностодпостигнатите спортски резултати на клубот, беа одредени и висинатанафинансискитесредства. Постапката по овој оглас според предходно утврдени услови и критериуми ја спроведе комисијата за спорт составена од советот на Општина Карпош.

Вкупно пристигнати апликации на клубови беа 25, од кои пет клуба беа одбиени од причина што не ги исполнуваа критериумите во огласот. А за два клуба одлуката за доделување на финансиска поддршка се одложи за некоја од наредните комисии. Со одлука на совет од 23.04.2018 година број 09-3199/21 се донесе определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година.

Одбојкарски клуб Вардар (м) 220.000,00 денари,
Кик бокс клуб ПРО КИК КАРИНГ 150.000,00 денари,
Боксерски клуб Универзалци 150.000,00 денари,
Спортски клуб Горила 150.000,00 денари,
Шаховски клуб Гамбит Ассеко СЕЕ 150.000,00 денари,
Пливачки клуб Карпош 150.000,00 денари,
Кошаркарски клуб Водњански Лисици 150.000,00 денари
Шаховски клуб Карпош 80.000, 00 денари,
Ракометен клуб Шампион 80.000,00 денари,
Академија за тенис Крстевски 80.000,00 денари,
Одбојкарски клуб Сити волеј Славков 80.000,00 денари,
Одбојкарски клуб Вардар (ж) 80.000,00 денари,
Полициски клуб за боречки спортови 7 мај Тигар 80.000,00 денари,
Тениски клуб Фан Тенис 80.000,00 денари

Ракометен клуб Велкова 5 80.000,00 денари
Одбојкарски клуб Фит Фан Волеј 60.000,00 денари
Карате клуб Професионал 40.000,00 денари
Спортско качувачки клуб Карпош 40.000,00 денари

Предвидени средства: 12.300.000,00 денари
Вкупно неисплатени средства: 1.900,000, денари

**Напомена:**решенијата и договоритенаменети за спортските клубови се уште се потпишуваат од страна на клубовите и од кога ќе се заврши таа процедурасе доставуваат на потпис до градоначалник. Откако решенијата и договорите ќе бидат потпишани од сите страни се доставуваат до финансии за исплата. До поднесување на извештајот оваа процедура се уште не е завршена.

## 3. ФИНАНСИСКАПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ СЕ ЗАНИМАВАТ СО СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНА АКТИВНОСТ - ДЕЈНОСТКОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Се доделува финансиска поддршка на индивидуални спортисти, рекреативци и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност - дејност. Оваа финансиска подршка ќе биде наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, спортски кампови, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината).

| *ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОДРШКА ЗА 2018 ГОДИНА* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Име и Презиме* | *Бр. на решение* | *Износ* | *Еднократна подршка* | *Дата на исплата* | *Не исплатен о* |
| *Снежана Јаневска* | *11-1808/2 21.03.201 8* | *12.000,0 0* | *Квалификации за ЕП и СП* | *27.03.201 8* | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наташа Костова | 11-1110/2 21.03.2018 | 15.000,00 | Планинарски врв Мон Блан | 22.03.2018 | |
| Стојан Поповски | 11-1535/2 21.03.2018 | 30.000,00 | С К Италија Тријатлон | 22.03.2018 | |
| Енвер Исмаили | 55-2612/2 26.03.2018 | 30.000,00 | За СП Ветерани борење | 28.03.2018 | |
| Маре Блажевска | 11-813/2 13.03.2018 | 30.000,00 | Натпревар пливање Крањ | 10.04.2018 | |
| Стојанче Колев | 11-2498/2 26.03.2018 | 20.000,00 | Баскет турнир 3х3 | 11.04.2018 | |
| Марјанчо Величковски | 55-2603/2 26.03.2018 | 14.500,00 | Учество на Јувентус камп | 27.03.2018 | |
| Јован Којовски | 55-1693/2 21.03.2018 | 15.000,00 | Планинарски врв Мон Блан | 23.03.2018 | |
| Здружение Мандра | 11-250/2 05.02.2018 | 30.000,00 | Мал фудбал Тоше Проески | 22.02.2018 | |
| Мартин Аврамовски | 11-413/2 16.02.2018 | 12.000,00 | Стрит  воркаут | 16.02.2018 | |

Со донесена одлука од совет на Општина Карпош од 24.01.2018 годиина број 09-489/28, се одобрија финансиски средства како подршка за успешно реализирање на тренингот за моторика на деца од 4 до 10 години, што се одржуваше на спортските терени во Форца.

| *СО ОДЛУКА НА СОВЕТ* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| *Форца спорт ДД* | *55-137/2 20.02.2018* | *30.000,00* | *Моторика на деца од 4 до 10г* | *Исплатен о 10.04.2018* |

Вкупно исплатени средства: 208.500,00 денари

Предвидени средства: 600.000,00 денари
Предвидени средства со програмата за спорт се 18.010.000,00 денари
Исплатено: 238.500,00 денари
Не исплатено: 2.253.827,00 денари
Вкупно: 2.492.327,00 денари

Раководител на одделението
за култура и спорт
Патрик Поповски

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација напрограмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/18**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десетатаседница, оддржана на 22.05.2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за детска, социјална и здравствена заштита и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/20**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа член 22, став 1, точка 7, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјална и здравствена заштита за 2018 година ( „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017, бр.04/2018), помошник раководителот на сектор за јавни дејности, изготви

## ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА
## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2018 година, Одделението за детска,социјална и здравствена заштита во првата половина на 2018 година реализираше повеќе активности насочени кон вонинституционалните форми за социјална заштита на ранливите групи засегнати од последиците на сиромаштијата и социјалната исклученост, и активности за унапредување на воспитно згрижувачката дејност и здравствената заштита од предучилишните установи од општината.

**Активности за контрола на храна за 2018 година**
01.01.2018 – 01.06.2018

1. Во текот на првите шест месеци извршени се по 3 рутински контроли за безбедност на храна во градинките „Мајски цвет“, „Орце Николов“, Распеана младост“ и во „Пролет“.Констатирана е следнава состојба:

<u>Во ЈОУДГ констатирана е следнава состојба</u>:

- ✓ Бројноста на запишаните деца се совпаѓа со бројноста на подготвените оброци (+/- 20)
- ✓ Добра хигиенска практика и Добра производна практика се почитуваат.
- ✓ Се почитува протоколот за работа на техничкиот и стручниот персонал.
- ✓ Уредни санитарно-хигиенски контроли на вработените во кујна.
- ✓ Кооперативност и соработка со надлежни институции.
- ✓ Креативност и самоконтрола на завидно ниво.
- ✓ Достава на храна навремена и проверена точка на дозволени температурни индекси во процесот на производство и складиштарење на храна.
- ✓ Транспарентност и почитување на двонеделното мени.

**2.** На 09.03.2018 година, Општина Карпош преку овластеното лице за контрола и безбедност на храна М-р Ирена Калајџиева – Милевска, учествуваше на работилницата со наслов **„Со подобра исхрана на децата до подобро здравје и благосостојба“**. Едукативниот настан се одржа во ТЦЦ „Гранд Плаза“ во организација на НВО „Студиорум“ а под покровителство на УНИЦЕФ, Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика.

Воведен збор имаа проф. д-р Рената Дескоска, Министер за образование и наука, М-р Мила Царовска, Министер за труд и социјална политика, заменик министер за здравство Гоце Чакаровски и претставникот на УНИЦЕФ Бенџамин Паркс. Во своето обраќање, сите едногласно се согласија дека правилните навики за исхрана на децата започнуваат во предучилишните, а продолжуваат во училишни установи и тие остануваат во текот на целиот живот. Работилницата ја водеа д-р Игор Спировски од Институтот за јавно здравје, проф. д-р Валентина Павлова, декан на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и дипломираниот нутриционист, Надица Илиевска. На присутните им беа презентирани научните истражувања за исхраната на децата во градинките и основните училишта, упатството за правилна примена на Правилникот за стандардите на исхраната и оброците, креирање на менија, како и внесување новини во старата нормативна регулатива.

Во работните групи, учесниците ги искажуваа своите експертски ставови и мислења кои беа ставени во завршниот заклучок на документот, кој ќе биде приложен до ресорните министерства. Со преземање на оваа иницијатива, се очекува да започнат реформите во сите општини во Република Македонија.

**3.** На покана на декан Проф. д-р Валентина Павлова на Технолошко – технички факултет во Велес на 12-ти и 13-ти март 2018 година во својство на надворешен соработник, овластеното лице за контрола и безбедност на храна на Општина Карпош М-р Ирена Калајџиева Милевска одржа предавања на студентите на трета и четврта година од смеровите за прехранбена технологија, биотехнологија и нутриционизам.

Презентациите на тема: **„Менаџирање на контролата и безбедноста на храната во градинките и во основните училишта“** ѝм овозможија на студентите да се запознаат со организирање, спроведување и инспекторски надзор на лицата кои се директно вклучени во процесот на производство на храната во кујните на предучилишните и училишните установи.
Предавањата ги следеа 40 студенти од овој факултет распоредени во 4 групи со цел да се овозможи пристапност на методолошкиот концепт и интерактивност за време на работилниците

кои следеа. Лабораториските наоди и теоретско-практичниот приказ го водеа М-р Милевска и Проф. д-р Павлова кои изработија нацрт – план за следливост на критичните контролни точки (биолошки, физички и хемиски) во процесот на технолошката преработка на храната. Беше презентиран начинот на имплементација на седумте принципи на НАССР – системот во кујни каде што се подготвува храна за деца од предучилишна возраст, ризиците кои би довеле до алиментарни труења и начинот на нивно спречување. Студентите преку работа во групи изготвија свои протоколи за работа по што ги презентираа и ги елаборираа.

Размена на искуствата преку надворешни соработници ѝм овозможува на студентите да направат поблизок контакт со институциите и да се стекнат со практично искуство во текот на студирањето.

**4.„Здрав оброк за секое дете"** – Од 19.02 до 05.03, 2018 година концесионерот во основните очилишта во Општина Карпош Ванила Фуд ДОО организираше презентација на новите менија кои ги подготвија во соработка со Дипл. Нутриционист Надица Илиевска и Проф. Д-р Валентина Павлова. Презентациите беа наменети за родителите на децата од основните училишта со цел интеракциски да се соработува во коригирање и формирање на новото мени во ООУ.
Одзивот на родителите во сите девет училишта беше на минимално ниво иако писмено беа известени преку наставниците и директорите. Беше извршена анкета преку која родителите се изјаснија какви промени според нив се потребни и во писмена форма ги посочија своите сугестии. По пополнување на анкетниот прашалник, менито се ремоделирашево во неколку етапи, и тоа: детално разложување на нутритивните вредности на постоечкото мени, имплементирање на сугестиите од анкетните листови и формирање нови рецептури и нормативи со цел подобрување на старото мени. Како куриозитет, претставниците од Ванила фуд ДОО посочија дека родителите кога сакаат се во можност да влезат во мензата каде што децата јадат и да ги пробаат оброците кои се послужуваат.

**Хуманитарна акција „Подај рака, за твојот сосед“
по повод Велигденските празници 2018 година
24-25 мај**

Согласно Програмата за активностите од областа на детската , социјалната и здравствената заштита на Општина Карпош два пати во годината по повод Велигденските празници и за Денот на општината се одржуваат хуманитарни акции.

По повод одбележувањето на Велигденските празници, беше организирана 23 -та по ред хуманитарна акција под мотото „Да бидеме хумани за нашите соседи“ наменета за лица/семејства во социјален ризик.

На ден 24 и 25 март 2018 година беа поставени штандови пред 12 поголеми маркети ( Тинекс, КАМ Маркет, Стокомак, Гранап и Веро ) на територијата на Општина Карпош на кои граѓаните имаа можност да донираат прехранбени и хигиенски производи.

Во акцијата беа вклучени и вработени во администрацијата на општината, како и училиштата и градинките од територијата на Општина Карпош кои со своите донации придонесоа да се збогати содржината на хуманитарните пакети.

Оваа акција како и многу пати досега наиде на позитивен одзив кај жителите на нашата општина кои ја покажаа својата хуманост со несебично донирање на хигиенски и прехрамбени производи со кои барем малку би ја олесниле тешката состојба во која се наоѓаат нивните сограѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик
Од собраните прехрамбени и хигиенски производи вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош спакуваа 110 пакети.

Доделувањето на пакетите беше организирано на три пунктови и тоа во УЗ „Владо Тасевски “ , УЗ „Карпош 2 “ и УЗ „ Влае 1 “ а се со цел да им се излезе во пресрет на граѓаните заради близината на нивното место на живеење.

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, лично им ги додели пакетите на граѓаните на сите три пунктови , а одвои и време да поразговара со нив за можностите за решавање на нивните проблеми и надминување на тешката материјална состојба во која тие моментално се наоѓаат.

Тој истакна дека крајна цел е проблемите да се решаваат системски, со цел да се надмине сиромаштијата и невработеноста која е присутна на локално ниво.
На старите и изнемоштени граѓани уште истиот ден, пакетите им беа доставени до нивните домови, од страна на претставници на Одделението за детска,социјална и здравствена заштита.

По доделувањето на хуманитарните пакети во разговор со граѓаните се дојде до сознание дека на лицата/ семејствата кои за прв пат или повеќекратно добиле хуманитарна помош овој вид на помош е поддршка за ублажување на нивната тешка материјално-финансиска состојба, но Богоев истакна дека во соработка со Министерството за труд и социјална политика се прават идни планови тоа да се вклучи во поддршка на социјално загрозените граѓани преку конкретни проекти и активности за да се обезбеди достоинствен живот и егзистенција за сите.
За овој настан **предвидени** се **70.000,оо** денари за **две** хуманитарни. За **првата** хуманитарна акција **потрошени** се **34.776,оо** денари.

„Дружење со стари и осамени лица “
14.02.2018

Согласно Програмата за активностите од областа на детската, социјалната и здравствената заштита на Општина Карпош на ден 14.02.2018 година, по повод празникот Св.Трифун и Денот на љубовта кој се празнува на меѓународно ниво и оваа година по осми пат се организираше настанот, „Дружење со стари и осамени лица“.

На средбата присуствуваа 37 граѓани од општина Карпош кои што се осамени ( останале без својот брачен другар, самохрани родители, болни лица и др.) а, се на постара возраст или од друга

причина се помалку вклучени во секојдневниот социјален живот. Покрај Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, претставници од општинската администрација присуствуваа и советници од Советот на Општината.
Целта на овој настан е меѓусебно дружење и запознавање, намалување на чувството на осаменот, зајакнување на чувството на припадност во заедницата, подобрување на начинот на живот, психо-социјална поддршка на присутните и др.

Преку дружењето и меѓусебното запознавање, Градоначалникот, преставниците од општинската администрација и советниците, во текот на средбата остваруваа контакти со присутните граѓани за да ги сослушаат нивните лични и општествени проблеми кои се во ингеренции на локалната самоуправа, заради подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Примарната цел е да се покаже почит и разбирање кон овие наши сограѓани, не само денеска , туку во текот на целата година преку низа проекти и активности
Иако дружењето од ваков карактер се организира еднаш во годината контактите со граѓаните се остваруваат и по барање од општинската администрација ( за понудување решенија на нивни барање, предлози, идеи за решавање на нивни барања) и по нивни сопствени потреби.

Во тек на на станот Градоначалникот на припадничките од понежниот пол им подари по една роза.

На крајот на средбата граѓаните ја изразија благодарсноста за поканата, организирањето на овој настан за кој што ја даваат и нивната поддршка.
Настанот беше медиумски покриен од неколку телевизии и интернет портали.
За овој настан **предвидени** се 60.000,оо денари, а **потрошени** се сите 60.000,оо денари.

ПОМОШНИК РАКОВОДИТЕЛ
НА СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
**Гордана С. Зафировска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучокза усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 11-4513/19**
**Датум:23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десететаседница, одржана на 22.05.2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за образование и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4263/21
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017, бр.04/2018 точка II.Проектни активности, точка 8 и точка 11 ) помошник раководителот на Сектор за дејности од јавен интерес, изготви

ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на активности од Програмата за образование за јануари- мај 2018 година**

Општината Карпош во дејноста образование, својата годишна програма ја реализираше како организатор и покровител на повеќе активности и манифестации кои се од јавен интерес за децата, младите и воопшто за граѓаните на Општината.

Покрај предвидените активности од Програмата, во текот на јануари-мај 2018 година беа остварени и низа други активности кои сами по себе произлегоа како потреба за да се оствариобразовната, здравствената и воспитната компонента кај учениците во основните училишта на територија на општина Карпош.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЈАНУАРИ-МАЈ 2018 ГОДИНА

1. **Бесплатни ужинки за учениците од:**
   **-I,II,III, IV и Vза учебната 2017/18 година**
   **-I,II,III,IVи Vза учебната 2018/19 година**

Општина Карпош и во новата учебна година продолжи да обезбедува бесплатни ужинки за учениците од основните училишта заради подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општината и поддршка на учениците и нивните родители.

Добавувач на ужинките е Ванила Фуд Доо, кој секој месец за основните училишта во општина Карпош доставува 3205 ужинки за ученици од 1 до 5 одделение.

**Реализатор: Општина Карпош**

2. **Бесплатни излети за ученици од I до VII одделение за учебната 2017/18 иод Iдо VIII одделение за учебната 2018/19 година**

Програмата за образование за 2018 година ги вклучува и бесплатниот пролетен излет за ученици од прво до седмо одделение за учебната 2017/18 година и бесплатниот есенски излет за ученици од прво до осмо одделение за учебната 2018/19 година.
Бесплатните пролетни излети за ученици од прво до седмо одделение за учебната 2017/18 година се закажани во период од 26 април до 28 мај. До овој момент излетот го реализираа 4 училишта, односно 1741 лица, а во останатиот период ќе одат и останатите 6 училишта.
Дестинациите определени за пролетниот излет се:

- Марков манастир
- Манастирскиот комплекс Пеленица, драчевско и
- Кучково

Превозот на учениците го обезбедува општина Карпош со помош на превозниците ЈСП и Сара Травел.

| **Ред.бр.** | **Училиште** | **Ден** | **Место** | **Број на лица** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ | 26 април | Кучково | 300 |
| 2 | ООУ„Владо Тасевски“ | 27 април | Кучково | 813 |
| 3 | ООУ„Братство“ | 30 април | Кучково | 478 |
| 4 | ООУ„Аврам Писевски“ | 10 мај | Пеленица | 150 |

Реализатор: Општина Карпош

1. Хорски натпревар меѓу училиштата

Хорскиот натпревар меѓу училиштата е предвиден да се одржи на 16 мај 2018 година во холот на ООУ„Димо Хаџи Димов“ со почеток во 11 часот. На натпреварот ќе земат учество хоровите од девет училишта од општина Карпош, под менторство на нивните наставници- музички педагози. Изведбите на хоровите ќе ги следи тричлено жири, кое на крајот ќе ги одбере најдобрите три хора, поточно прво, второ и трето место за кои се предвидени парични награди. Паричните награди ќе се доделат на наставниците, кои ќе ги предводат хоровите, а на учениците-хористи ќе им бидат доделени благодарници за нивното учество.

Реализатор: Општина Карпош

2. Превоз на образовни и лични асистенти од проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“

Општина Карпош учествува во програмата Општинско-корисна работа за 2017 година, преку Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“, финансиран од УНДП.
Проектот трае од 01.10.2017 до 31.05.2018 година.

Во овој проект ангажирани се 17 образовни и лични асистенти, кои се вклучени во образовниот процес , како помош на децата со попречености во развојот за совладување на наставните програми. На 15 од нив им беше одобрено користење на превоз, согласно поднесените барања од нивна страна и приложениот документ за лична идентификација, како потврда за местото на живеење.

Општина Карпош ги исплаќа овие средства, како финансиско олеснување на образовните и личните асистенти, за поефикасно и навремено извршување на нивните работни задачи , за крајните корисници, во овој случај децата со попречености во развојот од основноте општински

училишта на територијата на Општина Карпош полесно да се вклучат во воспитно-образовниот процес .
Општина Карпош, согласно Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година, го исплаќа и надоместот за месец Мај за 17 те ангажирани асистенти, во износ од 106.000,00 денари, со вклучен персонален данок.
Заклучно со 30.04.2018 година, за превоз на асистентите исплатени се 86.000,00 денари, со вклучен парсонален данок.

Реализатор:Општина Карпош

Помошник раководител на Сектор
за дејности од јавен интерес
Гордана С. Зафировска

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/20**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десеттата седница, одржана на 22 Мај 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-4263/22
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош “ бр.18/2017), раководителот на Одделениието за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра, изготви

ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на програмата за активностите на општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од 01.01. - 15.05.2018година**

Одделението за заштита и спасување во текот на 2018 година по Програмата за работа имаше предвидено и ги реализираше следните активности и тоа:

1. Редовен сервис на противпожарни апарати и тоа во:

-објектот на Општина Карпош сервисирани се 27 (дваесетиседум) противпожарни апарати,

-урбаните-месните заедници сервисирани се 29 (дваесетидевет) противпожарен апарат,

-надвозникот Влајко сервисирани се 8 (осум) противпожарни апарати,

-десет основни училишта сервисирани се 141 (стоичетириесетиеден) противпожарни апарати и

-четири детски градинки со 7 (седум) клонови сервисирани се 103 (стоитри) противпожарни апарати.

**-Позитивна страна**

-перманентно одржување на апаратите за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.

**-Заклучок**

-со редовно одржување на опремата за противпожарна заштита се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

**-Финансиски средства**

-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 250 000, 00 денари, за сервис и набавка на нови ПП апарати потрошени се 220.000 денари, и останаа неискористени 30.000денари .

-Редовен сервис на хидрантската мрежа и тоа во:

-десет основни училишта беа сервисирани 70 (седумдесет) хидранти и

-

четири детски градинки со 7 (седум) клонови беа сервисирани 58 (педесетиосум) хидранти.

-Позитивна страна

-перманентно одржување хидрантската мрежа за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.

-Заклучок

-со редовно одржување на опремата се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

**-Финансиски средства**

-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 100 000, 00 денари, потрошени средства се 45.000 денари, а неискористени останаа 55.000 денари

**2**. Според програмата на Одделението за заштита и спасување за 2018 година се изврши редовна дератизација во месец март и април во Општината, урбаните и месните заедници, во основните училишта и детските градинки, во која беа опфатени:

- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 5000(петилјади) шахти;

-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двестаиосумдесет) дератизирани места,

-4 (четири) Детски градинки и 7 (седеум) клонови со 250 (двестаипедесет) дератизирани места и

За дератизација беа употребени околу 15 000 (петнаесетилјади) мамци.

-Позитивна страна

-ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.

-превенција од епидемија од жолтица.

-Заклучок

-со успешната реализација се подобрува квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

**-Финансиски средства**

-за реализација на дератизацијата според програмата беа предвидени 750. 000, 00 денари, за есенската дератизација се потрошени 222.000,00 денари од кои неискористени останаа 528.000,00. За пролетната дератизација искористени се околу 233.000,00 денари и неискористени средства околу 295.000, 00 денари.

3.Одржувањето на громобранско и заштитно заземјување и испитување и одржување на отпор на распростирање на заштитно заземјување на утичници е во тек и се врши во сите основни училишта и детски градинки.

-на објектитево 10 (десет) основните училишта треба да се опфатат околу 180 (стоосумдесет) громобрански места и околу 5400 (петилјадиичетрсто) утичници и

- во детските градинки и 7 (седум) клонови треба да се опфатат околу 255 (двестапедесетипет) громобрански места и околу 5500 (петилјадиипетсто) утичници.

-Позитивна страна

-оваа активност се превзема со цел заштита и безбедност на децата и вработените, доколку истата не се спроведува ќе дојде до несакани последици по животот и здравјето на луѓето.

-Заклучок

-со редовното испитување и мерење на системите се откриваат недостатоците и навремено се отстрануваат и доведуваат во исправна состојба.

-Финансиски средства

-за реализација на испитувањето според програмата се предвидени 900 000, 00 денари.

4. Со одлука на Советот на Општина Карпош, на предлог на Градоначалникот на Општина Карпош се формира Штаб з а заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош, со цел спроведување на подготовките и превземање мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, како и одстранување на последиците од нив.

Одделението за заштита и спасување одржа координативни состаноци со Дирекцијата за заштита и спасување , Центарот за управување со кризи и други субјекти ( јавни претпријатија, ТППЕ, МВР, МО и др) кои треба да се вклучат во системот за заштита и спасување .

**Изработил:**
Петре Кузмановски

Раководител на одделение
за заштита и спасување на граѓани и
материјални добра

Раде Мицковски

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/21**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десеттата седница, одржана на 22 Мај 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за информатичко комуникациска инфраструктура и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/23**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 18/2017), Одделението за Геоинформациски систем (ГИС), изготви

**ИЗВЕШТАЈ**
**за активностите на Општина Карпош**
**вообластанаИнформатичкататехнологија**
**за период 01.01.2018-15.05.2018 година**

## Вовед

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) кои се во рамките на Секторот за поддршка на Градоначалникот, со своите активности има за цел преку инсталација на одредени софтверски модулида придонесе доближување поблиску до граѓаните, како и да ја овозможи и олесни автоматската обработка на податоци на вработените во општината.
Информатичкиот свет е во постојан подем и претставува сервис на општеството без кој едноставно не можеме да функционираме.
Општина Карпош е во тек со развојот на информатичката технологија и од година во година се развива сè повеќе користејќи ги алатките на информатичката технологија. Општина Карпош е на самиот врв на ИТ-технологијата во локалната самоуправа, следејќи ги најновите трендови во ИТ-технологијата.

## Реализирани активности

Во согласност со донесената Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2018 година, во периодот од 01.01.2018 до 15.05.2018 година реализирани се следните проектни активности:

1. Годишно одржување на хардверските компоненти во ИТ-системот.

Поради постојаното ажурирање на постоечкиот хардвер, тековно се вршат и набавки на компјутерски делови кои служат како замена и делови за надоградба и унапредување на функционалноста на компјутерските уреди и периферните уреди со кои се поврзани. Преку Секторот за јавни набавки во регуларна тендерска постапка, во првиот квартал, Општина Карпош склучи договор за јавна набавка на резервни делови за хардвер за потребите на Општина Карпош со економски најповолниот понудувач во вредност од 500.000,00 денари.

2. Набавка на хардвер и хардверски компоненти во ИТ-системот на Општина Карпош.

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавкана хардвер(лаптоп компјутери) и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 537.180,00 денари.

Финансирањето на програмските активности утврдени во Програмата се предвидени со Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Одделението за Геоинформациски систем (ГИС)**
**Златко Чегар**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа 2018 година,за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/22**
**Датум: 23.5.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десеттата седница, одржана на 22 Мај 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за прашања од областа на месната самоуправа и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/24**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2018 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), раководителот на Одделението за прашања од областа на месната самоуправа, изготви

**Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за период од 01.01. до 15.05.2018 година**

**Поддршка и помош во организацијата на повеќе манифестации кои се реализирани во урбаните односно месните заедници во горе споменатиот период :**

1. Прослава на верскиот празник Бадник

   - Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Бадник на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници,

   - Реализирани 80.000,00 денари

2. Прослава на верскиот празник Водици

   - Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Водици на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;

   - Реализирани 20,000,00 денари

3. Прослава на верскиот празник Св. Атанасиј

   - Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани

- Реализирани Влае 1” 40.00,00 денари, Пецо Божиновски – Кочо 20.000,00 денари и Злокуќани 20.000,00 денари

- Вкупно 80.000,00денари

4. Прослава на верскиот празник Велигден

- Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Велигден на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;

- Од предвидените 100.000,00 денари , реализирани се 20,000,00 денари

5. Прослава на верскиот празник Ѓурѓовден

- Манифестацијата „Ѓурѓовден “ се одржува традиционално по осми пат по повод најголемиот ромски празник Ѓурѓовден.

- Финансиска и логистичкаа поддршка за Ѓурѓовден изнесува вкупно 120.000,00 денари и е реализирана во 119.790,00

Од вкупно предвидените 560,000 денари за годишната програма на Одделението за месна самоуправа за горе наведениот период искористени се 319.790,00 денари.

До крајот на годината остануваат да се искористат уште 240.210,00 денари

Раководителот на Одделението за прашања
од областа на месната самоуправа
Миле Стевков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за работата на Советот на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Советот на Општина Карпош за 2018 година,за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-4513/23
Датум: 23.5.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десеттата седница, одржана на 22 Мај 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за работата на Советот на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Советот на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/25**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на десеттата седница, одржана на22 Мај 2018 година, донесе

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Советот на Општина Карпош за 2018 година**
**за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

## СОСТАВ НА СОВЕТОТ

Советот на Општина Карпош согласно бројот на жители во општината брои 23 членови, во следниот состав:

Членови на Советот од советничката група на СДСМ и коалицијата:

1. Наташа Пеливанова
2. Димитар Оровчанец
3. Филип Даскаловски
4. Александар Анѓушев
5. Андреј Манолев
6. Билјана Костова
7. Емилија Ризеска Спасова
8. Владимир Кроневски
9. Лиљана Трајаноска
10. Владимир Станивуковиќ
11. Зејнел Куч
12. Димитар Зимбаков
13. Мики Филев
14. Елена Антонијевиќ

Членови на Советот од советничката група на ВМРО и коалицијата:

1. Сашо Лазаровски
2. Тони Јаревски
3. Даниела Штерјова
4. Томи Кепевски
5. Предраг Станковски
6. Светлана Пандиловска

Членови на Советничката група на ГРОМ:
1. Добрила Андоновска
2. Горан Михајлов

Членови на ЛЕВИЦА:

1. Бранко Ристов

Комисијата за изработка на Програмата на Советот се формира еднаш во годината за тековната година, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2018 година за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, изготви статистички приказ за работата на Советот на Општина Карпош за 2018 година (од 01.01.2018 до 15.05.2018).

Извештајот содржи податоци за одржаните седници на Советот на Општина Карпошза 2018 година (од 01.01.2018 до 15.05.2018), како и за видот и бројот на усвоените акти од страна на Советот.

Од јануари 2018 година заклучно со 15.05.2018 година, Советот на Општина Карпош оддржа вкупно 4 редовни седници..

<u>Табела 1</u>

Распоредот на седници анализирано по месеци
Службени гласници издадени по одржани седници

| | месец | Седница број | Датум на оддржување | Број на гласник |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари 2018 | 6 | 24.јануари 2018 година | 1/2018 |
| 2 | Февруари 2018 | 7 | 07 февруари 2018 година | 2/2018 |
| 3 | Март 2018 | 8 | 07 март 2018 година | 3/2018 |
| 4 | Април 2018 | 9 | 23 април 2018 година | 4/2018 |

Во 2018 година, Советот на Општина Карпош издаде вкупно 4 Службени гласници.

Табела 2

| | **датум** | **Објавени прописи** | **Бр.гласник** |
|---|---|---|---|
| 1 | 26.01.2018 | Службен гласник на Општина Карпош | 1/2018 |
| 2. | 08.02.2018 | Службен гласник на Општина Карпош | 2/2018 |
| 3. | 08.03.2018 | Службен гласник на Општина Карпош | 3/2018 |
| 4. | 24.04.2018 | Службен гласник на Општина Карпош | 4/2018 |

ДОНЕСЕНИ АКТИ
Во 2018 година Советот на Општина Карпош усвои вкупно 101 акти, од кои:

Табела 3

| АКТИ | БРОЈ |
|---|---|
| Одлуки | 40 |
| Решенија | 35 |
| Програми | 5 |
| Заклучоци | 21 |
| Мислења | / |
| Правилници | / |
| Буџет | / |
| Буџетски календар | / |
| Ребаланс на Буџет | / |

ЗАБЕЛЕШКА: На 15.05.2018 година е закажана 10та седница на Советот на Општина Карпош, која треба да се одржи на 22 мај 2018 година.

Број: 09-4263/25
Датум: 22.5.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за активностите на Сектор инспекторат на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за активностите на Сектор инспекторат на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-4513/24
Датум: 23.5.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на десеттата седница, одржана на 22 Мај 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за активностите на Сектор инспекторат на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за активностите на Сектор инспекторат на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за инспекторат и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-4263/26**
**Датум: 22.5.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев,с.р.

Врз основа
член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа како и Програмата на сектор инспекторат за 218 година донесена од Градоначалникот на Општина Карпош, раководителот на сектор инспекторат, изготви

ИЗВЕШТАЈ

**за активностите на Секторот инспекторат на Општина Карпош запериод од 01.01-15.05. 2018 година**

Работните активности во секторот се прецизирани во донесената Годишна програма за 2018 година од страна на градоначалникот на Општина Карпош.
Реализацијата на годишната програма и извршувањето на инспекциските работи кои се од надлежност на Општина Карпош.
Согласно законските и подзаконските прописи, како и процедурата за работа во секторот по ИСО стандардот, извршени се повеќе мерења и анализи за работните активности во секторот.
Овој извештај е изготвен со сите активности превземени во периодот со поставените стратегиски цели, како процедура за работа во Секторот инспекторат.
Реализацијата на програмата ќе и овозможи на општината систематизирано спроведување на Законската регулатива, како и информираност и едуцирање на граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат на долг рок од тоа.

Секторот инспекторат при Општина Карпош во својот состав има **три** одделенија, кои покриваат шест различни области и тоа:

1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА
2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА
3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

# 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

## 1.1 ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

Од спроведувањето на Годишната програма и месечните планови за тековната година произлезени се активностите на овластениот градежен инспектор во вршењето на инспекцискиот надзор над примената на:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14, 149/14,187/14,44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16 и 132/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/2015, 193/2015и53/2016);
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр 124/2015) и
- Поврзани прописи и поединечни акти

Овластениот градежен инспектор во рамките на надлежностите го вршеше инспекцискиот надзор, како редовен, контролен и вонреден и тоа:

- во текот на изградбата;
- на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита;
- како и при пренамена од станбен во деловен простор и обратно;
- спроведува едукација при утврдување на сторена неправилност.

Инспекцискиот надзор го извршуваше над градбите од **втора** категорија, како и административноизвршување на донесените акти согласно закон.

Исто така инспекторот вршеше контрола и на изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, односно поставување на опрема од членот 73 од истиот закон, за кои градби надлежниот органот донесува решение за изведување на градбата односно поставување на опремата.

| Овластен градежен инспектор | | |
|---|---|---|
| Ред. број | *Донесени акти* | Број на акти |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Записник (од редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор) | 51 |
| 2. | Решение за прекинување на градба | 1 |
| 3. | Решение за отстранување на градба | 3 |
| 4. | Заклучок за дозвола на извршување | / |
| 5. | Заклучок за прекинување на постапка | / |
| 6. | Извршени предмети | / |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 1.01. -15.05.2018 година на* ***овластенградежен инспектор*** *на Општина Карпош*

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

Во согласност со член 14а од Законот за јавна чистота, заради обезбедување на јавната чистота на јавните површини е **и** забрането палење, закопување и уништување на смет.

Во овој период се почесто имаше палења на разновиден отпад од страна на несовесни граѓани , кои во дел придонесуваа за загадувањето на воздухот. За таквите ситуации имаше почести јавувања од граѓани, а комуналната инспекција ги контролираше местата на кои се палеше.

Поради енормното загадување на воздухот во втората половина на месец ноември 2017 година, се отвори телефонска линија за пријавување на загадувањето:



Оваа телефонска линија продолжи да функционира и во 2018 година. Во зимскиот период месеците јануари, февруари и март имаше околу 10 тина јавувања за палење на јавна површина на локациите покрај реката Вардар во Злокуќани и Криви Дол, Бардовци кои беа и претходно контролирани од страна накомуналаната инспекција. Останатите јавувања беа по основ на други барања како загадување од затоплување на индивидуални станбени објекти- куќи, а дел се однесуваа за други општини. За сите сторители затечени на лице место предвидени се санкции.

## 2.1 КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

Инспекциските надзори и работни активности на овластениот комунален инспектор во спроведувањето на законските надлежности, во овој период не можеа да се извршуваа,т поради не пополнетост на работното место од август 2017 година.

## 2.2 КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

Работните активности на општинските комунални редари во текот на овој период се засноваат врз спроведување на Годишната програма во вршење на контрола на територијата на целата општина со примена на:

- Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11 ,47/12, 80/12 , 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16):

Реализацијата во спроведувањето на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота, сè со цел подобрување на условите за живот на граѓаните на општина Карпош.

Контролата на одржувањето на чистота на јавните површини во согласност со Законот за јавната чистота ја вршат комуналните редари во 13 урбани заединци и една месна заедница, на територијата на Општина Карпош.

Постапувајќи по Законот за јавната чистота, комуналните редари на Општина Карпош ги спроведоа следните активности дадени во табелите:

А) Записник за сторен прекршок

| Овластени комунални редари | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ред. број | Опис | Записник за сторен прекршок | МПН (Мандатен плат (за физичко лиц | Записник за извршување на општокорисна работа |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Член 14 | | | | |
| 1. | фрлање и оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена | 11 | 11 | 11 |
| 2. | оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината | 14 | 14 | 14 |
| 3. | оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад,освен за места определени за таа намена | 4 | 4 | 4 |
| 4. | колење на кокошки и друга живина и животни | | | |
| 5. | испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | истурање или испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера | | | |
| 7. | сечење складирање , цепење на дрва , јаглен и слично , освен за места одредени за таа намена | | | |
| 8 | оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки | | | |
| 9. | чување и напасување на крупен добиток и живина | | | |
| 10. | продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи, освен за места определени за таа намена | | | |
| 11. | поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети | 12 | 12 | 12 |
| 12. | мешање на бетон, малтер, освен на места што ќе ги определи општината | 5 | 5 | 5 |
| 13. | растурање на сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање смет, | | | |
| 14. | фрлање, односно оставање на смет до контејнер и други видови на садови за собирање на смет | | | |
| 15. | фрлање смет од кој било кат од станбена зграда или куќа, во двор | | | |
| 16. | поставување на контејнери и други видови садови за собирање смет надвор од определени места за нивно поставување, согласно со нивната намена, | | | |
| 17. | плукање или секнење нос на јавни површини, | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | лепење на плакати на кое било јавно место освен за места определени за таа намена | | | |
| 19. | вршење на физиолошки потреби. | | | |

Б) Вкупно изготвени записници за сторен прекршок/мандатен платен налог :

| Овластени комунални редари | | |
|---|---|---|
| **Ред број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Записници за сторен прекршок *(Мандатен платен налог)* | 36 |
| 2. | Потврда за одработена општо корисна работа | 1 |
| 3. | За извршување -наплата во законски рок | 17 |
| 4. | Наплатени мандатни глоби од 50 евра (во денарска противредност) | 18 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 1.01.2018 до 15.05.2018 година на* ***овластеникомунални редари*** *на Општина Карпош*

## 2.2 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Спроведувањето на активностите на овластениот инспектор за животна средина во делот на животната средина се основа на донесената Програма, како и оперативните планови за тековната 2018 година, во согласност со:

- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05,79/06, 101/06, 109/06, 24/07,159/08, 83/09, 1/10, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република

Македонија“ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
• Законза водите („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр.87/08,6/09, 161/09, 83/10,51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15и 52/16);
• Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Сужбен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16) ;
• Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16)
• Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 163/13, 146/15 и 39/16)
• Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/2015, 193/2015и53/2016),
• Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) и
• Уредби и Правилници произлезени од законската регулатива

Надлежностите на инспекторот беа во решавање на повеќе постапки во вршење контрола на правни субјекти, како и контрола на правни субјекти кои согласно Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработуваат елаборати, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината.

Инспекторот за животна средина вршеше:

- Контрола на документацијата која ја поседува правниот субјект;
- Контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект;
- Утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, податоци за бучава и вибрации, како и податоци за неопасен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- Утврдување дали правниот субјект во соглсност со дејноста која ја врши подлежи на изработување на елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината.
- Мониторинг или следење на степенот на загаденоста на амбиенталниот воздух на територија на општина Карпош и преземање соодветни мерки;
- Контрола на барање – пријава поднесена од државни органи, физички или правни лица, за зголемено ниво на бучава или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата и слично.

Состојбите на терен се следеа и контролираа кај угостителски објекти кои произведуваат бучава на целата територија и континуирано се вршеа мерења.
Со контролен записник од 26.04.2018 година е констатирано дека правниот субјект ДУТ „Шпато Сокак “ ДООЕЛ, не врши дејност и со тоа покренатата постапка се запира.

Посебно сакаме да истакнеме дека во текот на зимските месеци поради драстичното зголемување на загадувањето на воздухот со присуство на ( ПМ 10 честичките ), се
вршеше контрола на сите потенцијални загадувачи автомеханичарски работилници, автоперални и сл. за кои како правни субјекти задолжително се изработува Елаборат за заштита на животната средина. Врз основа на извршената контрола кај правните субјекти, истите се задолжени да доставаат извештај за количините на отпадното моторно масло и да доставаат извештај за извршените мерења на загаденоста на воздухот.

| Овластен инспектор за животна средина | | |
|---|---|---|
| Ред. број | Име на акт | Број на акти |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Записник за извршен инспекциски надзор | 21 |
| 2. | Записник за извршен контролен инспекциски надзор | 7 |
| 3. | Донесени Решенија | 9 |
| 4. | Записник за порамнување/Прекршочен платен налог | / |
| 5. | Барања од граѓани/одговори | 17 |
| 6. | Донесени Заклучоци | 5 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година на****овластенинспектор за животна средина*** *на Општина Карпош*

## 2.3 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

Овластениот инспектор за домување за спроведувањето на Годишната програма и инспекцискиот надзор, ги применуваше:

- Закон за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12 , 55/13, 163/2013, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/2016);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/2015, 193/2015и53/2016 );
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) и
- Одлуки, Уредби и Правилници

Овластениот инспектор за домување инспекцискиот надзор го вршеше над:

- Станбени;
- станбено-деловни и
- деловно-станбени згради

Инспекторот вршеше контрола дали управувањето со дадените објекти се врши согласно со одредбите и прописите донесени врз основа на Законот за домување, дали се почитуваат пропишаните норми и стандарди за домување и дали се уредени закупничките односи согласно со истиот Закон.

Овластениот инспектор за домување тековно реализираше неопходни работни должности во согласност со добиените претставки од граѓани и други органи, како и по сопствено видување.

Во Извештајот се содржани барањата од граѓаните доставени до Општина Карпош, кои се однесуваат од заедници на сопственици и од индивидуални лица (станари), а кои се однесуваат на проблематиката сврзана со функционирањето на Законот за домување.

| Овластен инспектор за домување | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Писмени барања /пријави од граѓани, од заедница на | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | станари и институции | |
| 2. | Записник за извршен инспекциски надзор | 10 |
| 3. | Решение | 3 |
| 4. | Заклучок за дозвола на извршување | / |
| 5. | Заклучок за прекин на постапката | / |
| 6. | Известувања (одговори) по барања /пријави | 10 |
| 7. | Платни налози | / |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 1.01.2018 до 15.05.2018 година на* ***овластенинспектор за домување*** *на Општина Карпош*

## 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

### 3.1 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОК НА ИМОТ

Овластениот инспектор за данок на имот во текот овој период, вршеше контрола и надзор на непријавен имот кај правни и физички лица (станбени објекти, деловни простории и објекти, административни простории и објекти) за годишниот данок на имот, согласно Законот за даноци на имот.

Активностите за вршење на инспекторски надзор,овластениот даночен инспекторги применуваше следните законски и подзаконски акти:

- Закон за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/2015, 193/2015 и 53/2016);
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015).

Инспекцискиот надзор е извршен на цела територија на Општина Карпош кај правните субјекти, при што е констатирано дека двајца го немат воопшто пријавено данок на имот и поради тоа е изготвен записник.

Вршењето на контролата и надзор согласно законските прописи од областа на данокот на имот се дадени табеларно:

| Овластен инспектор за данок на имот | | |
|---|---|---|
| Ред. број | Име на акт | Број на акти |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Записник за извршен инспекциски надзор | 2 |
| 2 | Заклучок за запирање на постапка | 2 |

*Табеларен приказ на реализираните активности за период од 1.01.2018 до 15.05.2018 година*

*на **овластенинспектор за данок на имот** на Општина Карпош*

За констатираната ситуација, овластениот инспектор за данок го информира одделението за даноци при Општина Карпош, за превземање на понатамошни надлежности од нивна страна.
Со реализација на Програмата за работа на инспекцијата за данок на имот, ќе се обезбеди превземање на мерки за спроведување на Законот, а со тоа и зголемување на бројот на даночните обврзници и зголемување приходите на Општина Карпош.

Изработил,
Раководител на сектор
Елеонора Стојановска

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**заобјавување на Одлуката за добивање на финансиски средства за замена на стари куќни водомери со нови ултразвучни водомери и интеграција на истите во системот за далечинско одчитување на ЈП Водовод и Канализација Скопје**

1. Се објавува Одлуката за добивање на финансиски средства за замена на стари куќни водомери со нови ултразвучни водомери и интеграција на истите во системот за далечинско одчитување на ЈП Водовод и Канализација Скопје, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4513/25**
**Датум:23.05.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02) и член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), на десеттата седница, одржана на 22 мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за добивање на финансиски средства за замена на стари куќни водомери со нови ултразвучни водомери и интеграција на истите во системот за далечинско одчитување на ЈП Водовод и Канализација Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Карпош дава согласност Општина Карпош да аплицира за добивање на финансиски средства согласно Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/10) и член 2 од Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/10), за да изврши замена на стари куќни водомери со нови ултразвучни водомери и интеграција на истите во системот за далечинско одчитување на ЈП Водовод и Канализација Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.09-4263/27
Датум: 22.05.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**заобјавување на Одлуката за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (4 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија**

1. Се објавува Одлуката за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (4 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, донесена на десетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 мај 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-4513/26
Датум:23.05.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16);36, став 1, точка 10и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),Советот на Општина Карпош, на десетата седница, одржана на 22 мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (4 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за времено давање на користење без надомест недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош – четири (4) деловни протории лоцирани на надвезмиот премин Влајко, У.З. Влае, општина Карпош, со вкупна површина од 9 м2, и ¼ од заедничкиот простор (ходник и тоалети) на државен орган – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на давање на користење на оваа одлука е во сопственост на Општина Карпош, лоциран на КП 7640, КО Ѓорче Петров 4-Влае, со Имотен лист бр.100797, со адреса на бул.„Партизански одреди“ 6б, Населба Влае 2, со број на жиро-сметка: 779014115763010, приходна шифра 725 939, програма 00, ЕМБС 6019145, застапувана од Градоначалникот Стефан Богоев.

**Член 3**

Предметниот деловен простор, преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби со вкупно 16 деловни простории-канцеларии, од кои 4 деловни простории – канцеларии ќе бидат отстапени на времено користење без надомест на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, на неопределено време.

**Член 4**

Министерството за замјоделство, шумарство и водостопанскство на Реублика Македонија се обврзува да ги користи деловните простории-канцеларии за намена-работа на подрачна едница Карпош при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 5**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се обрзува да ги покрива месечните финанасиски режиски трошоци (струја, вода, комунани трошоци, одржување на хигиена, чуварска служба) во износ од ¼ од вкупните месечни фактури кои пристигаат на име на Општина Карпош за надземниот премин Влајко, најдоцна до 15ти во месецот.

**Член 6**

Секторот за финансии во оптшина Карпош ќе изготвува месечна фактура за направените трошоци, согласно пресметаниот процент и ќе ја доставува еднаш во менсецот до Министерството.

**Член 7**

Се овластува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката на потпишување и заверка на истиот.

**Член 8**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, во кој ќе биде дефиниран времениот рок на отстапување на користење, како и останати одредби согласно Законот за облигациони односи.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-4263/28
Датум: 22.05.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

СОДРЖИНА

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година, со Заклучок за објавување,
2. Одлука за давање согласност за распишување Јавен оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди, со Заклучок за објавување,
3. Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување,
4. Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈУОДГ „Распеана младост“, Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување,
5. Одлука за наградување на професори-тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2018, со Заклучок за објавување,
6. Одлука заопределување на финансиска поддршка на Здружение Фудбалски клуб Карпошово 1689-ББ-Скопје, со Заклучок за објавување,
7. Одлука заодобрување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието на Општина Карпош за 2018 година (за реализирање на проектот 10ка за Карпош, подносител: Друштво за филмска продукција и маркетинг ФАБРИКА-ПРОДУКЦИЈА Скопје), со Заклучок за објавување,
8. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-плансканска документација заради усогласување на намената на бесправниот објкет со намената на земјиштето (КП бр.8/2 и КП бр.9/2 КО Злокуќани), со Заклучок за објавување,
9. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко- плансканска документација заради усогласување на намената на бесправниот објкет со намената на земјиштето (КП бр.658 КО Бардовци), со Заклучок за објавување,

10. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко- плансканска документација заради усогласување на намената на бесправниот објкет со намената на земјиштето (КП бр.646/30 КО Долно Водно), со Заклучок за објавување,
11. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко- плансканска документација заради усогласување на намената на бесправниот објкет со намената на земјиштето (КП бр.646/68, КО Долно Водно), со Заклучок за објавување,
12. Одлука за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко- плансканска документација поради постоење неможност за усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.7741, КО Ѓорче Петров 4-Влае), со Заклучок за објавување,
13. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на општинското основнно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје,
14. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
15. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
16. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
17. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
18. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
19. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образование за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,

20. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласпа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
21. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласпа на информатичката технологија за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
22. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласпа на развојот на месната самоуправа за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
23. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата за работа на Советот за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
24. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на активностите на секторот инспекторатпри Општина Карпош за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година, со Заклучок за објавување,
25. Одлука за добивање на финансиски средства за замена на стари куќни водомери со нови ултразвучни водомери и интеграција на истите во системот за далечинско одчитување на ЈП Водовод и Канализација Скопје, со Заклучок за објавување, и
26. Одлуказа согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (4 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Министерство за земјоделие на Република Македонија, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци